НОВИ ОТКРИТИЈА ЗА ГРБОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Јован Јоновски

Македонско грбословно друштво,
Претседател и главен хералд

Рецензирана статија

АПСТРАКТ

Статијата ги разгледува најновите сознанија за потеклото, авторството и развојот на грбот на Град Скопје, најстариот градски грб во Република Македонија. Врз основа на архивски материјали, музејски извори и новооткриени артефакти, се анализираат најраните претстави на грбот од крајот на 1920-тите и почетокот на 1930-тите години. Истражувањето покажува дека основните елементи на грбот, Камениот мост, реката Вардар, тврдината Кале и планинскиот пејзаж, биле утврдени во овој период и останале присутни до денес. Посебно внимание се посветува на можната авторска улога на академскиот уметник Михајло Шојлев роден во Велес 1887 година и кој завршил уметничко училиште во Софија 1914, за кого новите податоци укажуваат дека е веројатен творец на грбот. Тој е активен во културниот и уметничкиот живот на Скопје од 1929 година. Трудот ја обработува и досега недоволно познатата варијанта на грбот од периодот на бугарската окупација (1941–1944), реконструирана врз основа на архивски документи и новооткриен предмет со хералдичка претстава. Анализата придонесува кон подобро разбирање на континуитетот и еволуцијата на визуелниот идентитет на Скопје.

Клучни зборови: грб на Скопје; урбана хералдика; Михајло Шојлев; бугарска окупација; хералдички развој.



https://orcid.org/0000-0003-2448-3441
jonovski@gmail.com

https://doi.org/10.47763/mher2026.6889
Поднесено / Submitted
16.11.2026
Ревидирано / Revised
24.11.2026
Прифатено / Accepted
25.6.2026
Објавено / Published
2.6.2026

Creative Commons License

Авторските права на написите остануваат кај авторот.
Copyright of the articles remains with the author.

Наведи извор-Некомерцијално-Сподели под исти услови (CC BY-NC-SA 4.0)
Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International

Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка /**Funding**: This research did not receive any financial support/
Конкурентски интереси: Авторот главен уредник на списанието/ **Competing Interests**: The author is editor-in-chief of this journal

OPEN ACCESS

NEW FINDINGS ON THE COAT OF ARMS OF THE CITY OF SKOPJE

Jovan Jonovski

Macedonian Heraldic Society,
President and Chief Herald

Peer-reviewed article


ABSTRACT

This article examines recent findings concerning the origin, authorship, and development of the coat of arms of the City of Skopje, the oldest municipal coat of arms in the Republic of Macedonia. Based on archival materials, museum sources, and newly discovered artefacts, it analyses the earliest known representations of the arms dating from the late 1920s and early 1930s. The study demonstrates that the principal elements of the coat of arms, namely the Stone Bridge, the River Vardar, the Kale Fortress, and the surrounding mountain landscape, were established during this period and have remained in use to the present day. Particular attention is devoted to the possible authorship of the academic artist Mihajlo Šojlev, born in Veles in 1887 and educated at the School of Arts in Sofia, from which he graduated in 1914. New evidence suggests that he was the likely designer of the coat of arms. Since returning to Skopje in 1929, Šojlev played an active role in the city's cultural and artistic life. The article also examines the little-known variant of the coat of arms used during the Bulgarian occupation (1941–1944), reconstructed on the basis of archival documents and a newly identified heraldic artefact. The analysis contributes to a better understanding of the continuity and evolution of Skopje's visual identity.

Keywords: Coat of Arms of Skopje; urban heraldry; Mihajlo Šojlev; Bulgarian occupation; heraldic development.

ВОВЕД

Најстариот грб во Република Македонија, е грбот на главниот град Скопје, кој потекнува од крајот на 20тите и почетокот на 30тите години на 20 век. Неговиот развој е опишан во статија „Грбот на Град Скопје“ објавена 2013 година (Jonovski 2013), како и во „Симболите на Македонија“ (Јоновски 2014). Најстара хералдичка претстава за симбол на градот Скопје се среќава на една грбовна композиција од 21.2.1928 год., на штит е претставен Камениот мост, под кој тече река, како и пејзаж зад мостот со планина и шуми и малку видлива тврдината Кале. Од двете страни на мостот се прикажани камени блокови. Зад планината, зад облаци изгрева сонце претставено со уметничка интерпретација кое не може хералдички да се блазонира. Зад штитот има голема мантија со круна. Во композицијата нехералдички е даден и грбот на Кралството СХС. Под него лента со три години 1912 кога Скопје по Балканските војни потпаѓа во Кралството Србија, потоа пишува „град Скопље“ а меѓу двата збора бројот 1918 кога потпаѓа во Кралството на Србите Хрватите и Словенците, и 1928 десетгодишнина од тој настан. Во дното е претставена челенка со шлем, какви што среќаваме во перидот средовековното српско владение со Скопје. Сликата е црно-бела, потпишана „сл. Ђ. Сутулаћ“ (сл. 1) (Архив).



Сл./Fig. 1



Сл./Fig. 2

Ова ги дефинира елементите на грбот на Скопје, камениот мост во средината, под кој поминува река, над мостот планина и тврдината Кале, во пејсажна композиција, која ќе се задржи до денес.

Грб на град Скопје за првпат се среќава претставен на корицата на албум во приватната збирка на кралот Александар



Сл./Fig. 3


INTRODUCTION

The oldest coat of arms in the Republic of Macedonia is that of the capital city, Skopje, originating from the late 1920s and early 1930s. Its development was described in the article “The Coat of Arms of the City of Skopje” published in “Symbols of Macedonia” 2013 (Jonovski 2013), as well as in (Јоновски 2014). The oldest heraldic representation of a symbol of the city of Skopje appears in an armorial composition dated 21 February 1928. On a shield is depicted the Stone Bridge, beneath which flows a river, together with a landscape behind the bridge consisting of a mountain and forests, while the Kale Fortress is only faintly visible. Stone blocks are shown on both sides of the bridge. Behind the mountain, the sun rises from behind the clouds, rendered in an artistic interpretation that cannot be properly blazoned in heraldic terms. Behind the shield there is a pavillion surmounted by a crown. The composition also includes, in a non-heraldic manner, the coat of arms of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes. Beneath it is a scroll bearing three dates: 1912, when Skopje became part of the Kingdom of Serbia following the Balkan Wars; the inscription “Grad Skoplje”; with 1918 between words, when it became part of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes; and 1928, marking the tenth anniversary of that event. At the bottom is depicted a crest with a helmet of the kind encountered during the period of medieval Serbian rule over Skopje. The image is black and white and signed “ill. Đ. Sutulać” (Fig. 1) (Архив).

These elements define the coat of arms of Skopje: the Stone Bridge in the centre, beneath which passes a river, and above the bridge a mountain and the Kale Fortress, arranged in a landscape composition that has been retained to the present day.


The coat of arms of the City of Skopje is first encountered on the cover of an album from the private collection of King Alexander Karađorđević (d. 1934). Here

Караѓорѓевиќ (+1934). Тука грбот на Скопје е прикажан заедно со грбот на Кралството Југославија, каде изгледот на грбот е сличен на денешниот, со тоа што на овој грб, мостот е прикажан со 4 сводови. Штитот е шпански и истиот е окрунет со „Душановата круна“. (сл. 2)(Ацовиќ 2008) Овој грб е употребен на диплома на противпожарното друштво на Вардарска бановина од 1937 година, на штит на градите на двоглав орел (сл. 3) (Јоновски 2014, 196). Од овој период е и грбот аплициран на документ заедно со претстава на скулптурите на кралевите Караѓорѓевиќ: Петар I Ослободител (1903-1921) и Александар I Обединител (1921-1934), свечено откриени есента 1937 година (сл. 4).



Сл./Fig. 4

Досегашните истражувања не откриј кој е авторот на грбот на Градот Скопје. Воедно познато е дека во времето на Бугарската окупација има донесено грб, но недостасуваа ликовната претстава или предмети на кој е прикажан грбот на Градот Скопје.



Сл./Fig. 5

НОВИ МОМЕНТИ

Во текот на 2026 година излегоа на виделина две значајни информации, една за можниот автор, а втората за изгледот на грбот во времето на бугарската окупација 1941-1944.

Во 2026 година хералдичката наука беше збогатена со податок преземен од малку познатата монографија по историја на уметност на д-р Владимир Величковски од 2004 година, која претходно останала надвор од фокусот на хералдичарите. Во неа, Михајло Шојлев е идентификуван како автор на грбот на Градот Скопје.Шојлев е роден 1887 година во Велес, е еден од првите академски уметници во Македонија, дипломирајќи во Софија во 1914 година (сл. 5). Професор му бил Стефан Бацов од Крушево, еден од македонските хералдичари, кој во 1927 година го дизајнира грбот на Кралството Бугарија (Jonovski 2021a, 19). Шојлев учествува во првата балканска војна на српска страна, па животот го води во Пожаревац,

the coat of arms of Skopje is depicted together with the coat of arms of the Kingdom of Yugoslavia. Its appearance is similar to the present-day version, although the bridge is shown with four arches. The shield is of Spanish form and is crowned with “Dušan’s Crown” (Fig. 2) (Ацовиќ 2008). This coat of arms was used on a diploma of the Firefighting Association of the Vardar Banovina from 1937, displayed on a shield upon the breast of a double-headed eagle (Fig. 3) (Јоновски 2014, 196). From the same period is a coat of arms applied on a document together with representations of the sculptures of the Karađorđević kings, Peter I the Liberator (1903–1921) and Alexander I the Unifier (1921–1934), ceremonially unveiled in the autumn of 1937 (Fig. 4).


Previous research has not revealed who the author of the coat of arms of the City of Skopje is. It is also known that during the Bulgarian occupation a coat of arms was brought, but the artistic representation or objects depicting the coat of arms of the City of Skopje were missing.

THE NEW FINDINGS

During 2026, two significant pieces of information came to light: one concerning the possible author of the coat of arms, and the other concerning its appearance during the period of the Bulgarian occupation from 1941 to 1944.

In 2026 a reference from a little-known art history monograph by Dr Vladimir Veličkovski, published in 2004, which had previously remained out of the attention of heraldists, was introduced into scientific heraldic circulation. In it Mihajlo Šojlev is identified as the author of the coat of arms of Skopje. Šojlev was born in Veles in 1887 and was one of the first academically trained artists in Macedonia, having graduated in Sofia in 1914 (Fig. 5). His professor was Stefan Badzhov of Kruševo, one of the Macedonian heraldrists, who in 1927 designed the coat of arms of the Kingdom of Bulgaria (Jonovski 2021a, 19). Šojlev participated in the First Balkan War on the Serbian side, after which he lived in Požarevac, Belgrade, and

Белград и Нови Сад каде работи како сликар и фотограф. Во 1926 заминува за Прага каде учи во уметничка академија и по враќањето во 1927 во Југославија и работи во Бока Которска, Дубровник и Белград, а во 1929 се враќа во Скопје (Величковски 2004, 14).



Сл./Fig. 6

Во Скопје отвора фотографско студио, и активно работи во Здружението на ликовни уметници на Вардарска бановина, и друштвото на пријатели на уметноста „Јефимија“. Ортак на фотографскиот дуќан му е Карациновиќ, кралски дворски фотограф. Во 1931 година се вработува во Музејот на Јужна Србија, и Шојлев работи како копист во повеќе манастири, каде прави копии на фреските и иконите. Работи до 1937, кога го основа и раководи со Општинскиот Музеј на Скопје. Прави и неколку копии на икони специјано за кралот (Величковски 2004, 10).

По окупацијата во 1941 година, Шојлев продолжува да работи во Народниот Музеј под бугарска власт, каде ја уредува музејската поставка отворена за публика на 25 мај 1942 година. По ослободувањето повторно работи во истиот сега македонски Народен Музеј формиран 1945 каде е поставен за уметник. Во 1948 година преминува во Управата за домашни ракотворби и уметнички занаети, каде се пензионира 1954 година (Величковски 2004, 14). Почина во Скопје во 1972 година.

Во монографијата на 16 страна е преставен грбот на Град Скопје, во изведба на Шојлев, но без датум (сл. 6). Пропратниот текст вели дека грбот е изработен или пред или непосредно по Втората светска војна (Величковски 2004, 16), иако има артефакти кои покажуваат дека грбот на Скопје потекнува од раните 1930 години. Земајќи го опусот на Шојлев, и временската и просторната кохерентност и општествениот статут, многу е можно Шојлев да е авторот на грбот на град Скопје. Грбот во



Сл./Fig. 7

Novi Sad, where he worked as a painter and photographer. In 1926 he went to Prague to study at the Academy of Fine Arts, and upon returning to Yugoslavia in 1927 he worked in Boka Kotorska, Dubrovnik, and Belgrade. In 1929 he returned to Skopje (Величковски 2004, 14).

In Skopje he opened a photographic studio and became actively involved in the Association of Fine Artists of the Vardar Banovina and the Society of Friends of Art “Jefimija”. His partner in the photography business was Karadžinović, the royal court photographer. In 1931 Šojlev was employed by the Museum of Southern Serbia, and worked as a copyist in several monasteries, producing copies of frescoes and icons. He remained there until 1937, when he founded and became head of the Municipal Museum of Skopje. He also produced several copies of icons specifically for the king (Величковски 2004, 10).

Following the occupation in 1941, Šojlev continued to work in the National Museum under Bulgarian rule, where he arranged the museum exhibition which opened to the public on 25 May 1942. After the liberation, he again worked in the same institution, now the Macedonian National Museum established in 1945, where he was appointed artist. In 1948 he transferred to the Administration for Domestic Handicrafts and Artistic Crafts, from which he retired in 1954 (Величковски 2004, 14). He died in Skopje in 1972.

On page 16 of the monograph, the coat of arms of the City of Skopje drawn by Šojlev is presented, without a date (Fig. 6). The accompanying text states that the coat of arms was produced either before or immediately after the Second World War (Величковски 2004, 16), although surviving artefacts indicate that the Skopje coat of arms originated in the early 1930s. Considering Šojlev’s oeuvre, as well as the chronological and geographical coherence, his social status, it is highly probable that he was the author of the coat of arms of the City of Skopje. Its content was clearly defined, with the Stone Bridge, the Kale Fortress with its

својата содржина е дефиниран, со камениот мост, калето со објектите, изгледот пред земјотресот, и планинските висови, различните прикази се само создадени од различни стилови и перспективи.



Сл./Fig. 8

За време на бугарската администрација, кметот Јанко Мустафов, на средбата на 12 јули 1941 година донесе решение за грб на Скопје да се утврди предлогот којшто ги содржи: „Калето, лавче што држи знаме, житен клас, планината Шара и мостот над реката Вардар, како и девизата 'Блести и Благоденствува'"(Протокол 1941). На 6 октомври 1941 година добива дозвола за користење од Министерството за внатрешни работи и народно здравје во Софија, со мала измена – знамето што го развиорува лавот да не биде црвено, туку да биде бугарската тробојка (Дирекция 1941). Бидејќи недостига графичкото решение, Јоновски за својата статија, прави обид за негова реконструкција за емблазонирање врз основа на дадениот блазон, базиран на други месни грбови усвоени во Бугарија во овој период (сл. 7) (Јоновски 2014, 197).



Сл./Fig. 9

Во 2026 година на фејсбук групите за антиквитети се појави дрвен предмет, најверојатен врв на копје со грбот на Скопје од втората светска војна (сл. 8). Грбот е сложен со три полиња. Веднаш се забележува дека во основата е веќе добропознатата композиција на грбот на Скопје, со камениот мост и планина од десно и калето од лево. Горното поле е разделено и десно има лав во лево кој држи знаме со копје, а лево житен клас. Боите не се дадени, но бидејќи знаеме дека знамето е црвено, на резбата нема поделба на три хоризонтални делови како што спомнува одговорот од дирекцијата. Затоа, можеме да претпоставиме кои бои би биле. Така блазонот би бил: расечен на зелено и црвено, десно златен крунисан лав



Сл./Fig. 9

buildings as they appeared before the earthquake, and the surrounding mountain peaks; the various depictions differ only in artistic style and perspective.

During the Bulgarian administration, Mayor Janko Mustafov, at a meeting held on 12 July 1941, adopted a decision that the coat of arms of Skopje should be established according to a proposal containing: "the Kale Fortress, a lion holding a flag, a wheat ear, the Šar Mountain, and a bridge over the Vardar River, together with the motto 'Shines and Prospers'"(Блести и Благоденствува) (Протокол 1941). On 6 October 1941 permission for its use was granted by the Ministry of Interior and Public Health in Sofia, with one minor amendment: the flag waved by the lion was not to be red, but instead the Bulgarian tricolour (Дирекция 1941). Since the graphic design was not preserved, Jonovski for his article, attempted a reconstruction for emblazonment on the basis of the recorded blazon, based on municipal coat of arms designed in Bulgari in this period (Fig. 7) (Јоновски 2014, 197).

In 2026, a wooden object, most likely the spike of a flagpole bearing the coat of arms of Skopje from the Second World War period, appeared in Facebook groups dedicated to antiques (Fig. 8). The coat of arms consists of three fields. It is immediately apparent that its base contains the already familiar composition of the Skopje coat of arms, with the Stone Bridge and mountain on the dexter side and the Kale Fortress on the sinister. The upper field is per pale, with a lion contourny holding a flag on spear, on the dexter side and a wheat ear on the sinister. The colours are not indicated, but since it is known that the flag was red and because the carving contains no indication of the three horizontal divisions mentioned in the official reply of the Directorate, one may assume the tinctures. The blazon may therefore be rendered as: per pale Vert and Gules; dexter a crowned lion Or facing sinister and holding a flag Gules on a spear Or; sinister a wheat ear

во лево кој држи црвено знаме со златно копје; лево златен житен клас. На сина основа сребрен камен мост надвишен со зелена планина десно и сребрен замок со црвен покрив лево. Над штитот има мурална круна во вид на замок, додека на долната страна штитот е обвиткан со лента на која е преставено мотото: Бласти и балогданствува. Лентата на краевите завршува со листови (сл. 9).



Сл./Fig. 11

Другата најверојатно можна композиција може да биде замена на боите на горните полиња: расечен на црвено и зелено (сл. 10).

Денешниот емблазон на за првпат повторно се појавува во едицијата на поштенски марки со грбовите на главните градови на Југославија, од 1969 година. Повторно содржината е иста, камениот мост на реката Вардар, надвишен од десно со Шар планина а од лево со Кале то (сл.11).

Статутот на Град Скопје е дефиниран во член 6:

> Грбот на градот Скопје има форма на штит, на којшто горната страна е полулак свртен внатре, левиот и десниот горен агол на штитот го прават две коси линии, додека долните страни се надворешно заоблени лакови, што завршуваат со врв по средината на долната оска. Во просторот на штитот се содржани: Камениот мост со реката Вардар, тврдината Кале и снежните врвови на Шар Планина (Статут 2012).

Описот на грбот најмногу внимание посветува при објаснување на формата на штитот, а елементите само ги набројува, без нивната боја и заемен однос.


Сл./Fig. 12

Грбот на градот Скопје од крајот на 2006 година користи претстава со поублажени нијанси на боите (сл. 12). Во текот на 80-годишната традиција се користени неколку верзии од коишто главни претпознатливи елементи пред сè се Камениот мост и тврдината Кале. Ваква композиција на мост и тврдина е често присутна, но затоа пак планината во заднина дава поголема различност на самиот грб.

Or. In a base Azure, a stone bridge surmounted by a mountains Vert to dexter and a castle Argent roofed Gules to sinister. Above the shield is a mural crown in the form of a castle, while below the shield is a scroll bearing the motto “Blasti i balogdanstvuva”. The ends of the scroll terminate in leaves (Fig. 9).

The other most likely possible composition could be the replacement of the colors of the upper fields: per pale Gules and vert (Fig. 10).

The present emblazonment first reappeared in the 1969 series of postage stamps depicting the coats of arms of the capitals of Yugoslavia. Once again, the composition remained unchanged, consisting of the Stone Bridge over the Vardar River, surmounted by the Šar Mountains to dexter and the Kale Fortress to sinister (Fig. 11).

The Statute of the City of Skopje defines the coat of arms in Article 6:

> “The coat of arms of the City of Skopje has the form of a shield whose upper side is a semi-arc curved inward; the upper left and right corners of the shield are formed by two diagonal lines, while the lower sides are outwardly rounded arcs terminating in a point at the centre of the lower axis. Within the field of the shield are contained: the Stone Bridge with the River Vardar, the Kale Fortress, and the snow-covered peaks of the Šar Mountains” (Statute 2012).

The description of the coat of arms devotes most attention to explaining the shape of the shield, while the elements themselves are merely listed, without specification of their colours or their mutual arrangement.

Since the end of 2006, the City of Skopje has used a rendition employing softer colour shades (Fig. 12). During its eighty-year tradition, several versions have been used, the principal and most recognizable elements being, above all, the Stone Bridge and the Kale Fortress. Such a composition of a bridge and a fortress is relatively common; however, the mountain in the background gives the coat of arms a greater degree of distinctiveness.

ЗАКЛУЧОК

Грбот на Град Скопје е најстариот градски грб со континуирана употреба во Република Македонија. Достапните докази укажуваат дека неговото потекло датира од крајот на 1920-тите и почетокот на 1930-тите години, кога била утврдена неговата основна композиција: Каменит мост над реката Вардар, тврдината Кале и околниот планински пејзаж.

Неодамна идентификуваните извори ја поткрепуваат атрибуцијата на дизајнот на академскиот сликар Михајло Шојлев. Неговата уметничка биографија, документираната дејност во Скопје во периодот кога се појавува грбот, како и зачуваната претстава објавена во монографијата посветена на него, претставуваат силна основа тој да се смета за негов најверојатен автор.

Истовремено, откривањето на досега непозната претстава од периодот на бугарската окупација (1941–1944). Овој наод ги потврдува архивските описи и овозможува посигурна хералдичка реконструкција на таа верзија.

И покрај промените на политичките системи, административните власти и уметничките стилови, грбот на Скопје го зачувал својот суштински визуелен идентитет речиси цел век. Континуираното присуство на Каменит мост, тврдината Кале и планинскиот пејзаж ја нагласува трајната симболичка важност на овие елементи како претстави на градот и на неговата историска меморија.

CONCLUSION

The coat of arms of the City of Skopje is the oldest continuously used municipal coat of arms in the Republic of Macedonia. The available evidence traces its origins to the late 1920s and early 1930s, when its fundamental composition was established: the Stone Bridge over the River Vardar, the Kale Fortress, and the surrounding mountain landscape.

Newly identified sources make it possible to propose the academic painter Mihajlo Šojlev as the probable author of the coat of arms. His artistic biography, his activity in Skopje during the period when the coat of arms emerged, and the preserved representation published in the monograph dedicated to him, all support this attribution.

At the same time, the discovery of a previously unknown representation from the period of the Bulgarian occupation (1941–1944). This finding confirms the archival descriptions and makes possible a more reliable heraldic reconstruction of that version.

Despite changes in state systems, political administrations, and artistic styles, the coat of arms of Skopje has preserved its core visual identity for nearly a century. The continuity of the Stone Bridge, the Kale Fortress, and the mountain landscape demonstrates the enduring symbolic value of these elements as representations of the city and its historical memory.

БИБЛИОГРАФИЈА • BIBLIOGRAPHY

(Архив) Државен Архив на Република Македонија - Одделение Скопје, Слики од старо Скопје

(Ацовић 2008) Ацовић, Драгомир. 2008. Хералдика и Срби, Београд: Завод за издавање уџбеника.

(Величковски 2004) Величковски, Владимир. 2004. Михајло Шојлев, Скопје: Уметничка галерија.

(Дирекция 1941) Дирекция за администрация №13,055, София, 6 октомври 1941.

(Јоновски 2014) Јоновски, Јован. 2014. Симболите на Македонија, Скопје: Силсон.

(Протокол 1941)Протокол №8, Скопска градска општина, Скопје, 12 јули 1941.

(Статут 2012) Статут на град Скопје, Број 07-5203/2, 9 февруари 2012 година, Скопје.

(Acovic 2008) Acovic, Dragomir. 2008. Heraldika i Srbi [Heraldry and the Serbs]. Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika.

(Archive) State Archives of the Republic of Macedonia, Skopje Department. Photos of Old Skopje.

(Direktsiya 1941) Direktsiya za Administratsiya No. 13,055 [Directorate of Administration No. 13,055]. Sofia, 6 October 1941.

(Jonovski 2013) Jonovski, Jovan. 2013. "Грбот на Град Скопје - Coat of Arms of City of Skopje". Македонски хералд - Macedonian Herald, no. 7 (September):6-10. https://doi.org/10.47763/mher137006j.

(Jonovski 2014) Jonovski, Jovan. 2014. Simbolite na Makedonija [The Symbols of Macedonia]. Skopje: Silson.

(Jonovski 2021) Jonovski, Jovan. 2021. "Реалната хералдика во Македонија до 1991 - Real Heraldry in Macedonia until 1991". Македонски хералд - Macedonian Herald, no. 17 (December):3-25. https://doi.org/10.47763/mher2117003j.

(Jonovski 2021a) Jonovski, Jovan. 2021. „Heraldry in Macedonia with Special Regard to the People's/ Socialist Republic of Macedonia until 1991" Genealogy 5, no. 2: 43. https://doi.org/10.3390/genealogy5020043

(Protocol 1941) Protokol No. 8. Skopska Gradska Opština, Skopje, 12 July 1941.

(Statute 2012) Statut na Grad Skopje [Statute of the City of Skopje]. No. 07-5203/2, 9 February 2012. Skopje.

(Velickovski 2004) Veličkovski, Vladimir. 2004. Mihajlo Šojlev [Mihajlo Šojlev]. Skopje: Umetnička galerija.